**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-81/7**
**Скопје, 09.04.2024 година**

Записник од сто и прва седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 09.04.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Иџет Мемети Заменик претседател
г-дин м-р Башким Бесими член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Арбер Исаку член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димириеска констатираШе дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на сто и првата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 100та седница на Советот на јавните обвинители на РСМ.
2. Номинирање на член и заменик член на Дисциплинската комисија при Норатската комора на РСМ.
3. Номинирање на член во Комисијата за ревизија на испити при Академијата за судии и јавни обвинители
4. Определување на координатор во Советот на јавните обвинители на РСМ, за подрачјето на ВЈО Гостивар.
5. Номинирање на заменик член на Програмскиот совет во Акедемијата за судии и јавни обвинители.
6. Разно

Пред да се помине на усвојување на дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека бил пристигнат допис од страна на Министерството за правда на РСМ, каде со решение било формирана работна група за изготвување на

Закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство. Воедно предложи дневниот ред да биде дополнет со уште една точка и тоа: Номинација на двајца преставници кој што ќе бидат во работната група во рамките на Министерството за правда,а се однесува на стратегијата за правосудтвото за 2024/2028 година и Акцискиот план за нејзиното спроведување, а се однесува на изготвување на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство и дополнително ќе се работи на Законот за изменување и дополнуавње на Законот зса Советот на јавните обвинители на РСМ.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски ги извести членовите на Советот, дека е донесен законот за конфискување на имот и имотна корист и одземање на предмети, дека истиот е објавен во Службен весник на РСМ бр. 66/24 од 19.03.2024 година, и дека согласно тој закон во чл. 14 е предвидено дека Советот на јавните обвинители на РСМ, треба да определи еден јавен обвинител од јавните обвинителства во РСМ за член на Управниот одбор.

Од страна на членовите на Советот беше одлучено на една од наредните седници да се назначи член на Управен одбор.

Вака предложениот и дополнет дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 100-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Нотарската комора има доставено писмен допис до Советот, каде Советот е известен дека треба да номинира член и заменик член на Дисциплинската комисија на местото на претходните членови кои се заминати во пензија. Кажа дека овие членови функцијата ќе ја извршуваат до месец септември 2024 година и воедно за член го предложи јавниот обвинител во ВЈО Гостивар г-дин Диљавер Бектеши, а за заменик член јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-дин Зоран Здравев.

Збор зема г-дин Арбер Исаку кој кажа дека нема ништо против предлогот на Претседателот на Советот, но истакна дека претходно во овие тела членувале членови на Советот.

Предлогот на Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска беше ставен на гласање и едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска, кажа дека досегашен член на Комисијата за ревизија на испити при АСЈО, бил г-дин Влатко Георгиевски-член на Советот и за нов член на Комисијата за ревизија ја предложи г-ѓа Светлана Жупаноска-член на Советот на јавните обвинители на РСМ.

Предлогот на Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска беше ставен на гласање и едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска за координатор во Советот за подрачјето на ВЈО Гостивар го предложи г-дин Башким Бесими.

Предлогот на Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката пет од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска нагласи дека Советот треба да назначи заменик член на Програмскиот совет при Академијата за судии и јавни обвинители и воедно предложи тоа да биде јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-дин Миле Мојсовски.

Предлогот на Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска беше ставен на гласање по што едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката шест од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на писмото доставено до

Советот од страна на Министерството за правда на РСМ, а се однесува на формирање на работна група за изготвување на Закон за изменување и дополнуавње на Законот за Јавното обвинителство на РСМ, и дека воедно ќе се работи и на Законот за изменување и дополнуавње на Законот за Советот на јавните обвинители. Кажа дека се бара од Советот да номинира два члена за активно учество во работата група во рамките на Министерството за правда на РСМ, по што отвори дискусија по оваа точка.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека е член на работната група, дека веќе биле одржани неколку состаноци и дека од тука произлегла иницијативата за потреба од проширување на работната група каде највеќе се ставало акцент на дисциплинската постапка во Законот за Јавното обвинителство, која што е поврзана со работата на Советот на јавните обвинители на РСМ и согласно тоа се дошло до констатација дека треба да има проширување на составот. Воедно за членови на работната група ги предложи г-ѓа Душица Димитриеска и г-дин Иџет Мемети.

Предлогот на г-ѓа Кети Петкова едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на писмото доставено до Советот од страна на Министерството за финансии, согласно чл.49 ст.1 од Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор. Секторот за финансии го информира Советот дека има извршено финансиска инспекција во ОЈО Кавадарци и дека имало забелешки од стана на финансискиот инспектор. Воедно постави прашање дали Јавниот обвинител на РСМ е запознаен со овој настан.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека не е запознаен со овој настан, ниту пак знае од кога е овој допис доставен до Советот, но кажа дека дополнително ќе се информира за истиот.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот за состојбите за селењето на Советот во просториите на Апелациониот суд Скопје, кажа дека има доста големи проблеми, дека СОЗР не постапувала по заклучоците на Владата на РСМ. Истакна дека Советот писмено се има обратено до Претседателот на Владата на РСМ, дека истиот бил известен за состојбата во која се наоѓа Советот, дека просториите не се адаптирани за нормално функционирање на Советот. Воедно кажа дека веќе е потпишан договор со Претседателот на Апелациониот суд за користење на просторот кој е даден на Советот во рокот кој што бил предвиден. Кажа дека Советот има подршка од страна на проектот на ЕУ-Владеење на правото, кои што изразиле спремност да му помогнат на Советот околу преселбата на ИТ-опремата. Кажа дека бил извршен увид на просториите од нивна страна и дека е изготвен извештај кој е доставен до Советот со искажани забелешки и недостатоци во однос на просторијата каде што треба да биде сместена ИТ опремата на Советот.

Г-дин Иџет Мемети се осврна на овие прашања и кажа дека проблемите произлегуваат од несовесното работење, поточно од недоброто планирање. Кажа дека најголем проблем се просториите кои се во државна во сопственост, а со нив располага СОЗР. Смета дека проблемите треба да се решеваат системски, а не парцијално од причина што кога веќе се донело одлука да се реновира зградата каде што е сместен Советот, Советот требало навремено да биде информиран како и сите институции кои се сместени во овој објект, а се со цел во буџетите на институциите да се планураат средства кои ќе бидат наменски предвидени за селење. Со став е дека јавноста треба да биде запознаена со оваа ситуација и кажа дека однесувањето на СОЗР е дрско зошто досега не превзела никакви активности и покрај тоа што има заклучок од страна на Владата на РСМ. Предложи Советот повторно писмено да се обрати до СОЗР за да постапи согласно заклучокот на Владата на РСМ, како и од Владата на РСМ да се побараат парични средства од Министерството за финансии, раздел функции на

државата кои би се доделиле на Советот со намена иселување од сегашните простории во просториите во Апелациониот суд.

Под истата точка од дневниот ред г-дин Иџет Мемети ги запозна членовите на Советот со содржината на претставката, за предмет кој се води во ОЈО Скопје од 2021 година и дека се уште не се донела одлука во однос на тој предмет. Кажа дека има поднесено барање до ВЈО Скопје за да се изврши надзор, но добил одговор од страна ВЈО Скопје дека со оглед на тоа дека ОЈО Скопје по барање на ВЈО Скопје не му дал информација за друг предмет, ВЈО Скопје ни го враќа барањето со предлог Советот директно да се обрати до ОЈО Скопје за да добие информација од причина што ОЈО Скопје не постапува по барањата на ВЈО Скопје. Смета дека станува збор за лоша комуникација помеѓу ВЈО Скопје и ОЈО Скопје. Смета дека се работи за сериозен проблем со кој треба да биде запознаен Јавниот обвинител на РСМ. Истовремено предложи овој предмет заведен под бр.35/24, да биде побаран од страна на јавното обвинителство на увид. Советот ги прифати предлозите на г-дин Иџет Мемети и донесе Заклучок предметот бр.35/24 да се бара на увид, а за лошата комуникација помеѓу двете обвинителства од страна на Советот да биде информиран Јавниот обвинител на РСМ.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева даде забелешка во однос на известувањата по однос на претставките кои се добиваат од страна на ЈОРСМ. Кажа дека истите се доста оскудни. Укажа дека членовите се доведуваат во ситуација со пропратни писма да ги враќаат назад до ЈОРСМ. Смета дека треба да се одржи состанок со јавните обвинители во ЈОРСМ, а со цел надминување на ваквите состојби. Предложи да се вршат увиди и доставуваат поопсежни известување за да може да се даде одговор на странките.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски и членот на Советот г-дин Башким Бесими кој е член на Советот од редот на јавните обвинители во ЈОРСМ дадоа појаснување во однос на постапувањето по Претставките и давањето на информации од страна на ЈОРСМ.

Под точка разно г-ѓа Кети Петкова го извести Јавниот обвинител на РСМ дека била формирана работна група во ЈОРСМ во врска со распоредување и упатувањето на јавни обвинители во други јавни обвинителства. Кажа дека има многу такви обвинителства кои што имаат потреба од јавни обвинители, но посебно се осврна на ОЈО Гевгелија кое јавно обвинителство работи само со еден јавен обвинител веќе подолг временски период. Кажа дека претходниот Јавен обвинител на РСМ се согласи времено да упати друг јавен обвинител во ова јавно обвинителство и тоа од ОЈО Кавадарци, но до денешен ден се уште не е постапено.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека многу јавни обвинителства се соочуваат со овој проблем од недостаток на јавно обвинителски кадар но кажа дека ќе се оди со пристапување на решавање на проблемите. Воедно кажа дека има проблем и со бројот на стручната служба каде што исто така недостасува стручен кадар.

Откако никој не зема збор, Претседателот на Советот ја заклучи сто и првата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
**Генерален Секретар**

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**